БАС
Бизнис Академија Смилевски

# У П А Т С Т В О

## ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ

***Скопје, 2010***

Врз основа на точка 4.2 од Статутот на БАС, а во врска со член 73 и член 77 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ број 35/2008), Наставничкиот совет на Бизнис академијата Смилевски – БАС на седницата одржана на 28.6.2010 година усвои

# У П А Т С Т В О

## ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ

## I. ОПШТ ДЕЛ

### 1. Предмет на уредување

Со ова Упатство се утврдуваат евалуационите методи и постапката за вршење на самоевалуација на Бизнис академијата Смилевски – БАС (во натамошниот текст БАС).

На БАС се врши самоевалуација на студиските програми на двата циклуса на образование и на установата.

Со Упатството се уредени следниве активности:

- организацијата и работата на комисијата за евалуација на БАС;
- самоевалуационата постапка;
- составот на комисијата што ќе ја врши самоевалуацијата;
- правата и должностите на лицата кои ја вршат самоевалуацијата;
- насоките за содржината на подготвувањето на самоевалуациониот извештај;
- правилата за прифаќање на самоевалуациониот извештај;
- објавувањето на самоевалуациониот извештај; и
- други прашања од значење за спроведувањето на самоевалуацијата.

### 2. Самоевалуација

Со евалуацијата се врши процена на квалитетот на високообразовната и научната дејност преку бројни експлицитни постапки за проценување на квалитетот.

### 3. Оценување на квалитетот на академскиот кадар

Во самоевалуацијата се вклучува и системот на оценување на квалитетот на академскиот кадар.

### 4. Цели на самоевалуацијата

Самоевалуацијата, како прв чекор во евалуациониот процес, има три главни цели:

- да претстави краток и содржаен преглед на наставно-образовниот процес, земајќи го предвид влијанието на апликативната и научно-истражувачката работа врз наставно-образовниот процес;
- да ги анализира добрите и слабите страни на високообразовната установа (со примена на SWOT анализа);
- да обезбеди основа која ќе послужи за вршење на надворешна евалуација од страна на Агенцијата за евалуација на високото образование во Република Македонија.

## II. ОСНОВИ ВРЗ КОИ СЕ ВРШИ САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

### 1. Клучни прашања во самоевалуацијата

Самоевалуацијата опфаќа четири клучни прашања:

а) Што се обидува да направи високообразовната установа?
б) Како се обидува да го направи тоа?
в) Како знае дека тоа функционира?
г) Како се менува високообразовната установа со цел да се подобри?

Прашањето а) се однесува на мисијата на установата за иднината или кој е стремежот кон иднината?

Прашањето б) го свртува вниманието на стратешкиот план на установата. Каков вид образование, истражување и услуги обезбедува? Како процесите што се одвиваат во установата ги поддржуваат овие активности? До која мера овие активности и процеси се поврзани со мисијата?

Прашањето в) покажува дека со евалуацијата на установата се посветува големо внимание на механизмите на повратна информација кои се практикуваат, особено механизмите за гаранција на квалитетот при едукација и при истражување.

Прашањето г) бара од установата да го "затвори кругот" од мисија до повратна информација, односно разгледува на кој начин се користи повратната информација за спроведување на поголеми промени.

### 2. Информации и факти

Самоевалуацијата се врши врз основа на квалитативна анализа и анализа заснована врз релевантни квантитативни податоци.

При анализирањето се прави разлика меѓу информации и факти.

Информациите можат да бидат цврсти (квантитативни) и меки (квалитативни). И двата типа се со еднаква важност, се додека се применуваат за да го прикажат квалитетот на испитуваната активност.

По добивањето на информациите се оценува дали тие се реални и валидни и дали можат да се претворат во факти.

Фактите се разликуваат од информациите. Информацијата може да стане факт, само кога е поврзана со дефиниран критериум.

Самоевалуацијата треба да доведе до судови (заклучок односно констатација) за тоа што не е добро на установата и што може да се подобри, односно што треба да се промени.

Констатациите треба да се изведат врз основа на факти и треба да бидат јасни. Ако судовите се имплицитни, непрецизни и нејасни и нема препорака за подобрување, тие не се корисни за самоевалуацијата.

## 3. Сегменти на самоевалуацијата

Самоевалуацијата се насочува кон следење и анализа во повеќе сегменти, а особено кон:

- мисијата и целите на високообразовната установа;
- стратегијата за остварување на мисијата;
- описот на високата школа акредитирана за вршење на високообразовна дејност;
- студиските и предметни програми;
- наставно-научниот и соработничкиот кадар;
- наставно-образовната дејност;
- студентите;
- просторните и материјалните ресурси; логистиката;
- надворешната соработка;
- научноистражувачката дејност;
- финансирањето.

## 4. Мисија

БАС со мисијата зацртува каков кадар ќе едуцира, за кои потреби и области во општеството, за пазарот на високообразовен кадар во земјата и во странство.

**5. Стратегија за остварување на мисијата**

Стратегијата за остварување на мисијата што ја применуваат органите на управување на установата (во натамошниот текст: менаџментот) се анализира преку истражувања од видот:

- како установата ги следи промените што се прават на другите високообразовни установи во земјата и во странство (benchmarking);
- како установата се менува со цел да се подобри;
- како таа се приспособува на новите барања или колку брзо реагира на барањата на надворешната околина;
- како и дали установата прави стратешки план за реализација на мисијата;
- кои се контролните механизми на менаџментот што го унапредуваат квалитетот.

**6. Опис на БАС**

Со описот треба да се обезбедат следниве податоци:

- опис на БАС: година на основање, значајни реформи, карактеристики на сегашната состојба (што сега се воведува);
- бројот на вработените: наставен и административен кадар;
- бројот на студентите;
- бројот на студиските програми на додипломските студии;
- бројот на студиските програми на последипломските студии;
- облиците на континуирано образование;
- местото на БАС во рамките на националното високо образование;
- местото на БАС во рамките на меѓународното образование.

**7. Студиски програми**

Самоевалуацијата на студиските програми е основата врз која се врши самоевалуацијата на БАС и опфаќа анализа на :

- описот на студиската(и) програма(и);
- наставниот и соработничкиот кадар;
- наставно-образовната дејност;
- студентите;
- просторните и материјалните ресурси;
- логистиката;
- надворешната соработка;
- научно-истражувачката дејност;
- финансирањето.

**8. Студиски и предметни програми на додипломските и на последипломските студии**

Со самоевалуацијата се анализираат сите студиски програми според:

- годината на започнувањето;
- целите;
- бројот на семестрите;
- бројот на предметите;
- бројот на часовите по општообразовни, по основни и по стручни предмети (дали со структурата на часовите се развива стручен профил според желбата на студентот);
- степенот на задоволување на предметните содржини што ги исполнуваат целите: целосно, делумно или незадоволително;
- соодветноста на предметните содржини на името на дипломата;
- начинот на кој се реализира студентската практика;
- дали е цитирана основната литература за учење: да или не;
- дали задоволува односот број на часови за предавања и број на часови за вежби (семинарска работа/теренска настава): целосно, делумно или незадоволува.

**9. Наставен и соработнички кадар**

Со самоевалуацијата се донесува суд за тоа дали се задоволени следниве барања:

- структурата на наставниците и соработниците за реализација на наставата на секоја студиска програма;
- вкупниот број на академски кадар со полно работно време во последните пет години;
- соодносот на бројот на студентите со бројот на наставниците на студиската програма;
- покриеноста на наставните предмети со наставници: број на дисциплини, бројот на наставници;
- годишниот фонд на часови/наставник.

**10. Наставно-образовна дејност**

Наставно-образовната дејност на БАС се оценува според:

- формите на наставно-образовниот процес;
- применетите начини, облици, методи и технологии во наставно-образовниот процес;
- примената на современи технологии (компјутери, софтверска поддршка, информациони бази и др);
- реализирањето на наставата со надворешна соработка;
- погодноста на методите на проверка на знаењата (писмени, усни испити, тест и сл.;

– преглед на положените и неположените испити по семестар според студиската програма;
– колку завршниот испит (дипломската работа) придонесува за оформување на стручниот профил;
– видот на вештините за кои студентот се оспособува во текот на студиите;
– должината на просечното време на студирање;
– бројот на студентите кои дипломирале од генерацијата запишани студенти во последните три години;
– просечниот број студенти кои дипломирале во последните три години;
– бројот на студентите кои се запишале на последипломски студии на секоја студиска група во последните три години;
– бројот на студентите кои специјализирале од запишаните во генерација.

**11. Студенти**

Евалуацијата поврзана со студентите се извршува според:

– бројот на студентите кои го положиле приемниот испит од вкупно пријавените, односно рангираните;
– просечниот успех на студентите при влез;
– структурата и бројот на студентите по студиски програми на додипломски студии;
– ангажираност на студентот во наставно-образовниот процес;
– осипувањето на студентите по години;
– видот на облиците во кои учествуваат студентите во оценувањето на квалитетот на наставно-образовниот процес (анкети);
– видовите студентски активности;
– учеството на студентите во управувањето (според статутот).

**12. Просторни и материјални ресурси**

Просторот се оценува според тоа:

– дали задоволува за настава;
– дали задоволува за вежби ;
– дали задоволува видот на опремата за теоретска и за практична настава;
– каква е просторната организација на практичните вежби;
– дали компјутерските лаборатории и приклучоците на Интернет ги задоволуваат барањата: да, недоволно, не;
– дали има библиотека;
– колку задоволува библиотечниот фонд на основни учебници по предметите на секоја студиска програма: доволно, недоволно, слабо, многу слабо;
– колку задоволува библиотечниот фонд во однос на прирачници напишани од наставниот кадар на БАС: доволно, недоволно, слабо, многу слабо.

**13. Логистика**

Логистиката се оценува според тоа:

1) дали е добро организиран сервисот студентска служба:
   - по бројот на вработените,
   - по водењето на евиденцијата (софтвер),
   - по редовното услужување на студентите;
2) дали е добар сервисот во библиотеката во поглед на:
   - издавањето книги,
   - анкетирањето на студентите и наставниците за набавка на литература,
   - редовното информирање на студентите и наставниците за пристигнатите книги;
3) дали има сервис за копирање.

## 14. Надворешна соработка

Надворешната соработка се оценува според :

- соработката со стопанството, со владини институции, со невладини организации и со други професионални асоцијации на национално ниво, а во контекст на мисијата, целите и задачите на установата;
- учеството во европски програми (Phare, Tempus, Copernicus и др.) во последните три години;
- вкупниот број проекти во последните три години;
- размената на академски кадар со други академски центри во земјата и во странство;
- студентската размена со други академски центри во земјата и во странство;
- контактите со дипломираните студенти;
- контактите со работодавците;
- меѓународните проекти;
- меѓународна димензија на студиските програми:
- настава на странски јазици;
- користењето на странска литература.

## 15. Апликативна и научно-истражувачка дејност

Апликативната и научно-истражувачката дејност се оценува според:

- бројот на публикациите во последните пет години (се класифицираат според Типологијата на документи содржани во Класификацијата);
- бројот на цитираноста од други автори (податоци се добиваат од Универзитетската библиотека);
- вкупниот број пријавени проекти во последните пет години;
- вкупниот број реализирани проекти во последните пет години;
- учеството на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните пет години;
- вкупниот број организирани научни собири во последните пет години од страна на установата;

- гостувањето на странски предавачи;
- поврзаноста на истражувањата со регионалните и националните потреби;
- освоените награди за научноистражувачка дејност на национално ниво и на меѓународно ниво.

**16. Финансирање**

Финансирањето се оценува според тоа:
- како се остварува;
- колкав е уделот на средствата од школарината
- колкав е уделот на средства од други извори
- колкава е цената на чинење на студиите за студент/година;

## III. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АКАДЕМСКИОТ КАДАР

### 1. Критериуми за избор и оценување на квалитет

Изборот на академскиот кадар на високообразовната установа се врши согласно со критериумите и постапката за избор во наставни, наставно-стручни и соработнички звања утврдени во статутот на БАС.

Периодичното оценување на квалитетот на академскиот кадар на БАС, од страна на Агенцијата за евалуација на високото образование, се врши според Упатството за обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар на Република Македонија.

Оценувањето на квалитетот на академскиот кадар се врши според тоа дали задоволуваат:
- компетентноста/квалификациите на академскиот кадар, согласно општите акти за академскиот кадар;
- како се спроведуваат во практиката усвоените правила на ниво на универзитет;
- бројот на академскиот кадар, односно дали е тој доволно голем да ги покрие сите области;
- програмата на високообразовната установа за унапредување на знаењата на академскиот кадар;
- соодносот помеѓу образованието и истражувањето.

### 2. Мерки за подобрување на квалитетот

Наставничкиот совет на БАС, врз основа на оцена на квалитетот на академскиот кадар, предлага и презема мерки за негово подобрување.

## IV. КОМИСИЈА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

### 1. Број на членови на комисијата за евалуација

Самоевалуацијата на БАС ја врши комисија за евалуација составена најмногу од 5 члена, од кои еден член се избира за претседател и еден за секретар на комисијата.

Структурата на членовите на Комисијата треба да ги одразува следниве карактеристики: да биде претставена секоја главна структура на високообразовната установа (академскиот кадар, студентите и администрацијата) за да се обезбеди максимално учество во самоевалуацијата на сите заинтересирани субјекти; да ги претставува широките погледи на установата, а не парцијалните мислења на менаџментот и членовите на комисијата за евалуација да се во состојба да ги оценуваат слабите и добрите страни.

### 2. Права и обврски на претседателот на комисијата за евалуација

Претседателот на комисијата за евалуација: ја планира, ја организира и ја координира работата на комисијата; се грижи да овозможи широка дискусија за самоевалуацијата со цел да се овозможи составување на општоприфатлив извештај за самоевалуација; остварува службена комуникација со органите на БАС и со Агенцијата за евалуација на високото образование на Република Македонија и врши други работи во врска со спроведувањето на самоевалуацијата.

### 3. Права и должности на членовите на комисијата за евалуација

Членовите на комисијата за евалуација имаат право и должност активно да учествуваат во работата на комисијата, што е можно пошироко да остваруваат контакти и да ги презентираат мислењата на членовите на академската заедница, како и да се во состојба да ги оценуваат слабите и силните страни на функционирањето на установата, согласно со ова Упатство и Водичот за упатствата за квалитет во високообразовните установи во Република Македонија.

## 4. Обука на членовите на комисијата за евалуација

Комисијата за евалуација има обврска да учествува во обуки кои се организираат во земјата и странство.

# V. ЕВАЛУАЦИОНА ПОСТАПКА

## 1. Време во кое се спроведува евалуацијата

Постапката за самоевалуација на БАС се спроведува во период кој не е подолг од три месеци од денот на донесувањето на одлуката за самоевалуација.

## 2. Самоевалуациона постапка

Самоевалуацијата започнува со разговор со менаџментот на установата, за да ги разјасни следниве прашања:

- како се одржува автономијата (избор на наставнички и соработнички кадар, избор на студенти, менаџмент на средствата и можности за создавање сопствени фондови);
- со кои проблеми се соочува менаџментот во остварувањето на зацртаната мисија;
- за какви промени/подобрувања на квалитетот размислува менаџментот;
- за академските приоритети на високообразовната установа;
- која студиска програма, научни подрачја на истражување, ги оценува за приоритетни:
- каква е врската на БАС со партнерските организации;
- каква е релацијата на установата кон општеството. Високообразовните установи во земјата, во регионот, во Европа и во светот;
- каков е степенот на централизација и децентрализација;
- каква е политиката на установата во однос на меѓународната соработка.

## 3. Методологија на самоевалуациониот процес

Самоевалуацијата е заснована на т.н. SWOT анализа, односно согледување на предностите, слабостите, можностите и пречките во реализацијата на одделните аспекти на функциите на високообразовната установа. Во водичот е дадено објаснување за примената на оваа анализа со примери.

**4. Извештај од самоевалуација**

По спроведената самоевалуација, комисијата за самоевалуација подготвува извештај. Извештајот за самоевалуација содржи:

- вовед, во кој се објаснува процесот на самоевалуацијата;
- список на членовите на комисијата и работните групи кои учествувале во самооевалуацијата;
- список на органите, субјектите и институциите со кои БАС соработувала во самооевалуацијата;
- начинот на кој е остварена дискусија по извештајот и времетраењето на дискусијата;
- приказ на позитивните елементи и на тешкотиите што се појавиле во текот на самоевалуациониот процес.

Појдовна точка на анализата се мисијата и целите на установата, во однос на кои таа се проверува и евалуира.

Анализите ги осветлуваат силните и слабите страни на секоја компонента што е предмет на самоевалуација. Анализите се проследени со предлози и со корективен план на активности за отстранување на недостатоците и за подобрување на квалитетот.

**5. Заклучок на извештајот**

Заклучокот на извештајот за самоевалуација ги има следниве карактеристики:

- да биде што е можно пообјективен и поискрен, имајќи предвид дека цел на самоевалуацијата е подобрување на квалитетот;
- силните и слабите страни да се експлицитно искажани и да се избегне нагласувањето на добрите страни или неприкажувањето на слабите страни;
- силните и слабите страни кои се дискутирани во главниот дел на извештајот да се појават и во заклучоците;
- плановите за подобрување да се понудат во форма на корективни мерки.
- во заклучокот на извештајот за самоевалуација задолжително се наведуваат мерките што треба да се преземат според евалуационите резултати.

**6. Големина на извештајот**

Големината на самоевалуациониот извештај е од 10 до 15 страници, без прилозите.

**7. Потпишување на извештајот**

Извештајот за самоевалуација го потпишува претседателот и членовите на комисијата за самоевалуација и се доставува до директорот за запознавање.

Деканот го проследува извештајот до Агенцијата за евалуација на високото образование во Република Македонија.

**8. Објавување и достапност на самоевалуациониот извештај на учесниците на евалуцаијата**

Самоевалуациониот извештај заради јавност за сите заинтересирани се објавуваат на веб-страницата на БАС.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето од Наставничкиот совет на БАС.

Ова Упатство се објавува на веб-страната на БАС.

**ДИРЕКТОР**

Проф. д-р Цветко Смилевски